ИРЕНА ТРАЈКОСКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ ВО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Издавач**

Тримакс - Скопје

**Автор**

Ирена Трајкоска

**Рецензенти**

проф д-р Марина Спасовска - ДУТ- Филолошки факултет - Тетово
м-р Татјана Нанкова - ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ - Скопје
Валентина Трајковска - ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков„ - Скопје

**Уредник**

Елизабета Анѓелова Шурбевски

**Лектор**

Лилјана Јовановска

**Илустрации**

Билјана Петрушевска
Анита Милевска
Теодора Јовановска
Ѓорѓи Кротков

**Фотографии**

[redacted]

**Графички дизајн и техничко уредување**

Тримакс - Скопје

**Печати**

Европа 92 - Кочани

**Тираж**

6952

Скопје, 2025

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје
373.3.016:811.163.3(075.2)
ТРАЈКОСКА, Ирена
Македонски јазик : за учениците од другите заедници за V одделение во основно образование / [Ирена Трајкоска ; Билјана Петрушевска ... и др.]. - Скопје : Тримакс, 2025. - 84 стр. ; 26 см
Други илустратори: Анита Милевска, Теодора Јовановска, Ѓорѓи Кротков
ISBN 978-608-204-517-7
COBISS.MK-ID 66723589

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да се репродуцира, електронски, со фотокопија, снимка или со друг вид чување во систем за натамошно користење на податоците, без претходна писмена согласност на издавачот.

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Ирена Трајкоска

Со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик за учениците од другите заедници V одделение во основно образование бр. 26-924/1 од 25.08.2025 година, донесена од Националната комисија за учебници.

# СОДРЖИНА







## 1. Јас, моето семејство, домот и моите пријатели


Поздравување ..............8
Пријатели од мојата улица ..................................11
Моето семејство ...........12
Роднини ..........................13
Моите соседи ...............14
Животот на мојата улица ..................................15
Опис на моите другари ............................17
Твориме по слики ........18
Маалски фудбал ..........19
Мојот дом .......................21
Македонска азбука.....24
А, М, Е, Л, С, И ...............25
Н, О, В, У, К, Т ..................26
Ј, Р, Д, Б, П, Ш ................30
З, Г, Ж, Ц, Ч .......................31
Ѓ, Ќ, Љ, Њ .........................32
Ф, Х, Џ, Ѕ ..........................33
Повторуваме .................36


## 2. Училиште,место на живеење, интереси и слободно време


Свадба.............................41
Моето училиште ..........44
Во училница ..................46
Во мојот ранец .............48
Бои во мојот училиштен прибор ............................50
Преместувања во училницата ....................52
Мојот училиштен живот ...............................54
Часовник .......................55
Дневни задолженија ..................56
Интереси и слободно време ..............................58
Сегашно време.............59
Што сакам да правам кога имам слободно време ...............................61
Место на живеење .....63
Знаменитости во местото на живеење..........................64
СРЕЌНА НОВА ГОДИНА .........................66


## 3. Нашето тело, здравје, и исхрана


Човечко тело .................70
Здрава храна: овошје и зеленчук .........................71
На пазар .........................72
Македонски традиционални јадења...............................74
Роденденска торта .....76
Волшебна планета......78
Ѕвездичка .......................80
Измислен другар .........81
Лазаче ..............................82
Татко и син......................83
Забот на нилскиот коњ..................................84
Мачор еден ....................85
Тешкото............................86
Двата бакнежи..............87
Пејзаж...............................88
Пролетна вест...............89
Лето..................................90







# 1. Јас, моето семејство, домот и моите пријатели


ПОЗДРАВУВАЊЕ ........ 8
ПРИЈАТЕЛИ ОД МОЈАТА УЛИЦА ........ 11
МОЕТО СЕМЕЈСТВО ........ 12
РОДНИНИ ........ 13
МОИТЕ СОСЕДИ ........ 14
ЖИВОТОТ НА МОЈАТА УЛИЦА ........ 15
ОПИС НА МОИТЕ ДРУГАРИ ........ 17
ТВОРИМЕ ПО СЛИКИ ........ 18
МААЛСКИ ФУДБАЛ ........ 19
МОЈОТ ДОМ ........ 21
МАКЕДОНСКА АЗБУКА ........ 24
А, М, Е, Л, С, И ........ 25
Н, О, В, У, К, Т ........ 26
Ј, Р, Д, Б, П, Ш ........ 30
З, Г, Ж, Ц, Ч ........ 31
Ѓ, Ќ, Љ, Њ ........ 32
Ф, Х, Џ, Ѕ ........ 33
ПОВТОРУВАМЕ ........ 34




# 1. ЈАС, МОЕТО СЕМЕЈСТВО, ДОМОТ И МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ

## Поздравување

СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ/РАЗГОВАРАМЕ



А: Добар ден, наставничке!
Б: Добар ден!
А: Повелете, наставничке.
Б: Благодарам.

А: Добар ден, госпоѓо Вера!
Б: Добар ден, момче!
А: Како сте, госпоѓо Вера?
Б: Благодарам, добро сум.



ДА БИДЕМЕ ЉУБЕЗНИ:

Добар ден!
Добро утро!
Повели!
Повелете!
Извинете!
Молам.
Благодарам.
Господин.
Господине!
Госпоѓа.
Госпоѓо!
Пријатен ден! Убав ден!

А: Добар ден!
Б: Добар ден, повелете!
А: Имате леб?
Б: Да, има. Повелете, 20 денари!
А: Благодарам, пријатен ден!

СПОРЕДИ

Како си ти?/Како сте вие?
Како си другар?
Како сте наставнику?



А: Добро утро!
Б: Добро утро, повели!
А: Дали има стрипови со Супермен?
Б: Да, повели!
А: Благодарам.
Б: Убав ден!

Дали има...?
Да, има...
Не, нема...



Н: Здраво, Бајрам!
Б: Здраво, Никола! Како си?
Н: Добро сум, а ти?
Б: И јас сум добро!



С: Здраво, Лела!
Л: Здраво, Сара!
С: Ај, те молам, дај ми ја топката!
Л: Повели!

## Вежба 1

јас имам, ти имаш, тој/таа/тоа има
ние имаме, вие имате, тие имаат

Дополни го дијалогот со дадените зборови:
јазик, извинете, имате, имаме, благодарам, повели.

Добар ден!
Добар ден!
........................., ме прати наставничката по Македонски .............
..................................
Дали .................... да ми дадете маркер за пишување на табла?
Да, ..................., повели.
Ви ............................. .

## Вежба 2

На линиите напишете дијалог кој што се одвива во училишната библиотека!
......................................
......................................., повели?
Дали ја ................. книгата „Оливер Твист“ од Чарлс Дикенс.
Да, ја има, ..................................
............................................ многу.

А: Добровечер!
Б: Здраво, малечок!
А: Како сте господине Миле?
Б: Добро сум, благодарам, како си ти?
А: И јас сум добро, благодарам.
Б: Поздрави ги родителите!
А: Ви благодарам!





## Вежба 1

.............................................., како сте?
..........................................., добро сум. Како ........................................?
..........................................., и јас .................................. .

## Вежба 2

Дополни со соодветни зборови

Јас сум ........................Ти .........................?
И јас ....................................... .
Ние сме добро, а .......................?
И ......................сме ........................ .

Тој ........ добро, а таа како ...........?
И таа ......... добро.

**СПОРЕДУВАМЕ**

Како ќе ги кажеш поздравите на твојот мајчин јазик: добар ден, како сте, догледање, пријатно?



# Пријатели од мојата улица



СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ/РАЗГОВАРАМЕ

Ова се моите пријатели од улицата
каде што живеам:
Адријан, Елиф, Мелек, Ариф.

Ова е Адријан. Има десет години. Тој е петто одделение.
Ова е Мелек, таа е петто одделение, исто така.
Ова е Ариф, тој има единаесет години. И тој е петто одделение.
Ова е Елиф. Елиф има девет години. Таа е четврто одделение.

**РЕЧНИК**

Прво одделение;
второ одделение;
трето одделение;
четврто одделение;
петто одделение.

## Вежба

Претстави ги двајцата другари кои седат најблиску до тебе во училиште!
Ова е ............................ . Има ............... години.
Таа е ....................................... .
......................... . Има .......................... .
Тој е ............................................ .

- Здраво, Арбен!
- Здраво, Јана!
- Кои се овие деца со тебе?
- Ова е Тони, а ова е Миха.
- Здраво, драго ми е.

- Кој е тој на улицата?
- Тој е Хари.
- А која стои до него?
- Таа е Милица.




## Одговори

-Колку години има Адријан?
-Кое одделение е тој?
-Кое одделение е Мелек?
-Кој е четврто одделение?
-Колку години има Елиф?

# Моето семејство



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ/РАЗГОВАРАМЕ

А: Кои се овие луѓе?
Б: Овие се моите најблиски од семејството.
А: Имаш две баби?
Б: Да, имам две баби.
А: Аха, еве еден и уште еден дедо, двајца дедовци.
Б: Да. А ова е татко ми. Ова е мајка ми.
А: Кој е ова?
Б: Ова е брат ми.
А: Имаш сестра?
Б: Не, немам сестра.

Прашални заменки:
кој, која, кое, кои

### РЕЧНИК

Кој е ова?
Ова е...
Кои се овие?
Овие се...
баба ми;
мајка ми;
татко ми;
дедо ми;
брат/браќа;
сестра/сестри;
имам/немам.

## Вежба

Напиши дијалог по примерот.

А: Имам една сестра, а имам и двајца браќа.
Б: Јас немам браќа, имам две сестри.

Еден/една/едно
Два/две/двајца

..........................................................................
..........................................................................
..........................................................................
..........................................................................



### СПОРЕДУВАМЕ

Како ќе кажеш на твојот мајчин јазик:
мајка, татко, брат, сестра?

# Роднини



## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ/РАЗГОВАРАМЕ

Имам многу роднини.
Ова е чичко ми, а ова е стрина ми.
Јас немам тетка и тетин. Имам вујко.
Вујко ми и вујна ми имаат две деца. Тие ми се братучеди.
Ова е братучетка ми Тара.
Тоа е братучед ми Милош.

**РЕЧНИК**

Братучетка ми;
братучед ми;
вујко ми;
вујна ми;
тетка ми;
чичко ми;
стрина ми.

Имаш ли ...?
Кој е ова?
Ова е ...

## Вежба

**Одговори на прашањата:**

- Како се викаат твоите чичко и стрина?
- Имаш ли тетин и тетка?
- Имаш ли братучеди?
- Наброј ги твоите најблиски роднини!

Во рамката, нацртај го ликот на членот од семејството со кој си најблизок/најблиска! На линиите подолу, претстави го!
На пример: Ова е братучетка ми Елена. Има 15 години.

.............................................................................................................................
.............................................................................................................................
.............................................................................................................................



# Моите соседи

## СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ/РАЗГОВАРАМЕ

Јас се викам Марија. Јас живеам во куќата со број 10. Ова се моите соседи. Тие се добри луѓе.
Момчето што седи до мене се вика Алдо. Тој е мој сосед. Тој живее во куќата со број 12.
Девојката што стои е моја сосетка. Таа живее во куќата со број 14 . Таа се вика Јасмин.
Ние сме соседи. На нашата улица има само куќи, нема згради.
Дали вие имате многу соседи?
Дали тие живеат во куќи или во згради?

**РЕЧНИК**

Сосед/соседи;
добар/добри;
куќа/куќи;
зграда/згради;
улица/улици;
човек/луѓе;
многу/малку.

Јас, ти, тој – еднина
Ние, вие, тие – множина

Јас живеам, ти живееш, тој/таа/тоа живее.
Ние живееме, вие живеете, тие живеат.

## СПОРЕДУВАМЕ

Како ќе кажеш на твојот мајчин јазик: Соседот е близок како брат?

## Вежба

Јас ............................ на улица ............................................. . А ти?
......................................................................................................... .
Ова е .......................... . Таа ....................... на улица ................................................ .
......... живееме на улица .................................................. број ........... .



# Животот на мојата улица



ЧИТАМЕ

Јас сум Али. Јас и моето семејство живееме во прекрасно соседство. Живееме на улицата „Есенска“, број 18. Улицата е широка и голема. Има млади и стари соседи. На улицата „Есенска“ е топло во есен. На улицата има многу дрва. На крајот на улицата има едно посебно дрво, круша. На крушата има убави плодови. Сите соседи се собираат кај дрвото за да се дружат и да разговараат.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Каде живее детето Али?
– Во какво соседство живее Али?
– Како се вика неговата улица?
– Што има посебно на крајот на улицата?
– Каде се собираат соседите од „Есенска“?

РЕЧНИК
Каде?
Како?
Што?

Прекрасно, топло, посебно, плодови, дрво, живот, млад, млади, стар, стари, дружат, разговараат.

## Вежба

Дополни ги прашањата со **каде**, **како**, **што**, а потоа и дополни ги одговорите.

................. се викаш?
Јас се ............................. .
................ живееш ти?
Живеам на .......................... .
................ има на твојата улица?
На улицата има ........................... .

**Разговарај со другарчето:**

Како се вика твојата улица?
Какви се твоите соседи?
Како се вика твојот најблизок сосед?

ЧИТАМЕ



## Круша

Крушата е чудна чаша
до врв полна слатка каша.
Ене, една кренал ежот
да измери колку тежи.
Кај нас велат: Земи круша,
рани душа, да те слуша.

*Петре М. Андреевски*
*(„Касни – порасни“)*

## РАЗГОВАРАМЕ

Одбери ги точните одговори!

Што е крушата?
а) чудна чаша
б) празна чаша

Кој кренал круша?
а) ежот
б) детето

Што вели поетот:
„Земи круша,......................................................
..........................................................................“

## Нацртај и дополни со збор.

Сакам круша, а сакам и ....................................
.........................................................................

# Опис на моите другари

## ГОВОРИМЕ – ТВОРИМЕ

Во рамката, нацртај ги соседите! Потоа, опиши ги пред твоите соученици!

За да биде описот убав,
користи ги зборовите
од нашата
Банка на зборови:
висок, низок, млад, стар,
љубезен, мил, добар.

## СЛУШАМЕ И ЧИТАМЕ

### Другарство

Со другарот секогаш
нешто убаво ќе ти се случи.
И кога си играш
и заедно кога учиш.
Со другарите раскажуваш
смешки,
помагаат кога решаваш
задачи потешки.
И дома
кога се враќаме,
другарски се поздравуваме
и се испраќаме.
И утре, пак шегување.
И никој не се лути.
Другарството шета
низ училишните клупи.

*Васил Мукаетов*
*(Од книгата „Сè е игротека“)*

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што можеш да правиш со другарот?
- Што може да ти се случи кога си со другар?
- Што најчесто правите со другарите?

# ТВОРИМЕ ПО СЛИКИ

## ЕСЕНТА НА МОЈАТА УЛИЦА





Напиши три (3) до пет (5) реченици за она што го гледаш на сликичките.
На пример, вака:

На нашата улица има големи дрвја. Во есен паѓаат жолти лисја. Соседите ги собираат лисјата пред куќите. Моја сосетка сака чист двор, а другиот сосед нема време за тоа. Децата ја сакаат есента.

Банка на зборови:

Улица, моја, живее, има, собира, сака, нема, сосед, соседи, лисја, есен.

# Маалски фудбал



ЧИТАМЕ

Ѕвончето заѕвони. Пред вратата се сите деца од улицата. Го викаат Али надвор. Го викаат за да играат фудбал. Денот е долг, има време и за фудбал и за учење.

– Али, земи ја твојата фудбалска топка, те молам! – рече еден од другарите по име Блерим.

Али ги сака неговите другари од улицата. Го сака и фудбалот. Затоа, реши да излезе надвор. Ја зеде топката. Се облече и заедно со другарите отидоа во паркот.

РАЗГОВАРАМЕ

– Кој го повика Али надвор?
– Кој го замоли да ја земе неговата топка?
– Што сака Али?
– Каде отидоа Али и другарите?

Ѕвонче, ѕвони,
ме викаат, ме викна,
земи, рече, излезе,
се облече, надвор.

СПОРЕДУВАМЕ

Како ќе кажеш на твојот мајчин јазик: Пријателите и соседите се богатство?



## Вежби

1. Поврзи ги левата и десната колона!

| | |
|---|---|
| Пред вратата беа | има време и за фудбал и за учење. |
| Се облече и | сите деца од улицата. |
| Денот е долг | заедно со другарите отидоа во паркот. |
| Го викаат за да | играат фудбал. |



2. Опиши ја топката на Али! Користи ги зборовите:
голема, мала, бела, црна, шарена, убава!

.....................................................................................................................................

3. Дали зборовите се на вистинското место во реченицата?
Подреди ги!

На мојата куќи многу има улица.

.....................................................................................................................................

Број 20 на живеам јас.

.....................................................................................................................................

Ги сакам на мојата улица живеат кои моите пријатели многу.

.....................................................................................................................................

# Мојот дом



ЧИТАМЕ И РАЗГОВАРАМЕ

Мојот дом е на улица „Есенска“, број 20. Куќата е бела и има еден кат и поткровје.

На првиот кат има ходник, голема дневна соба, трпезарија и кујна, голема бања и гостинска соба.

На поткровје сите имаат соба за спиење и одмор и уште една голема бања.

Нашата куќа навистина е голема!

## Вежби

Нацртај ги собите од твојот дом! Означи во секое поле како се вика таа соба: кујна, дневна, детска, спална за родители, ходник.

## Што е ова?

Што е ова?
Ова е _____________ соба.



Што е ова?
Ова е _____________.



Што е ова?
Ова е _____________.



Што е ова?
Ова е _____________ соба.



Што е ова?
Ова е _____________.



## Доцна есен

Сите зрели плодови
есента ги стресе,
сочни витамини
кај нас дома внесе.
На пазарот сега
сè што сакаш има,
доцна есен дојде
со зимница за зима.

Наум Попески

### РЕЧНИК

Зрел/зрели;
плодови;
сочни;
витамини;
пазар;
есен;
доцна.

### Вежба

Во есен има ............................ плодови.
Тие имаат ...................................... ................................
.............................. сега има сè што сакаш.

## Кој е најскап?

Орхановиот дедо праша:
– Кого ти најмногу го сакаш?
– Тебе – одговори Орхан.
Орхан доби сладолед.
Орхановата баба праша:
– Кого ти најмногу го сакаш?
– Тебе, – одговори Орхан.
Орхан доби чоколадо.
Орхановиот татко праша:
– Кого ти најмногу го сакаш?
– Тебе – одговори Орхан.
Орхан појде во кино.
Орхановата мајка праша:
– Кого ти најмногу го сакаш?
– Тебе, – одговори Орхан.
Орхан е на летачка чинија во Луна паркот.
Денес кај Орхан дојдоа гости.
– Орхан, кого ти најмногу го сакаш? – праша еден од дојдените.
Таму беа дедо му, баба му, татко му и мајка му.
Орхан не одговори, туку веднаш се извлече на улица.

### РЕЧНИК

Многу; најмногу;
сака;
одговори;
чоколадо;
сладолед;
кино;
луна парк; летачка чинија;
дојдените; гостите.

*Неџати Зекирија*
*(„Децата од нашата улица“)*

### РАЗГОВАРАМЕ

- Кого Орхан го сака најмногу ?
- Што добива Орхан за своите одговори?
- Каде го однел Орхан татко му?
- Каде го однела Орхан мајка му?
- Што им рекол Орхан на гостите, кого го сака најмногу?



Златен клас

Буква по буква – зборче:
Ана, Јана или Борче.
Зборче по зборче – реченица,
од букви кирилски – везеница,
налик на клас од пченица!
За тебе, за мене, за сите нас,
целата АЗБУКА во златен клас!

*Киро Донев*
*(„Тајни незнајни“)*



# МАКЕДОНСКА АЗБУКА

Македонската азбука има 31 глас и за секој глас има соодветна буква. Буквите се пишуваат печатно и ракописно. Печатните букви ги **изучи** минатата година:

Аа, Бб, Вв, Гг, Дд, Ѓѓ, Ее, Жж, Зз, Ѕѕ, Ии, Јј, Кк, Лл, Љљ, Мм, Нн, Њњ, Оо, Пп, Рр, Сс, Тт, Ќќ, Уу, Фф, Хх, Цц, Чч, Џџ, Шш.

Оваа година **ќе ги изучиш** ракописните букви од македонската азбука.

## Македонска азбука со ракописни букви



## Македонска азбука – учиме ракописни букви




АВИОН




МАСА




ЕЛЕН










ЛЕБ




СОНЧОГЛЕД




ИГЛА







### Вежба

Напиши ги речениците со ракописни букви. Заедно со другарчето што седи до тебе проверете дали точно ви се напишани речениците !

- Ема и Симе се мали.
- И Миле е мал.
- Лили е мала, ама има сила.

## Македонска азбука – учиме ракописни букви



НОС





ОГЛЕДАЛО





ВОЗ





УВО





КОМПИР





ТРОТИНЕТ



### Вежба 1

Следните реченици напиши ги со ракописни букви:

- Томи и Вале се смеат.
- Лела е во кино.
- Мими има мало носе.

### Вежба 2

Следните зборови напиши ги во правилен реченичен редослед со ракописни букви:

Малата се смее Ема, ама исто Луси и се смее.







































### Ветер

Ветерот знае силно да дува
и на ридот и во долината.
Но, од него најмногу се чува
дрвото што стои само на голината.

*Михо Атанасовски*
*(„Еден лав плаче од страв“)*

**РЕЧНИК**

Дува;
ветер;
силно;
ридот;
долината;
дрвото.

## Вежба

Нацртај како изгледа природата од твојот прозорец кога дува ветер!

## Македонска азбука – учиме ракописни букви



ЈАБОЛКО



РИС



ДИНОСАУРУС









БЛУЗА



ПРОЗОРЕЦ



ШИШЕ







### Вежба 1

Следните реченици напиши ги со ракописни букви:

- Раде и Дара јадат штрудла.
- Во шишето има сок.
- Тој диносаурус е многу стар.

### Вежба 2

Одговори ги прашањата и пишувај ракописно:

- Што има во шишето?
- Што јадат Раде и Дара?
- Колку е стар тој диносаурус?

## Македонска азбука – учиме ракописни букви



ЗЕМЈА



ГЛАВА



ЖАБА









ЦВЕКЛО



ЧОКОЛАДО





### Вежба 1

Следните реченици напиши ги со ракописни букви:

- Мира го замени цвеклото за чоколадо.
- Жешкото време направи метеж во барата, живеалиштето на жабата.
- Глисерот е на брегот, ве чека тебе и Зејна за да патувате низ езерото.

### Вежба 2

Одговори на прашањето и пишувај ракописно:
Што сакаш ти, цвекло или чоколадо?

## Македонска азбука – учиме ракописни букви



ЃЕВРЕК



ЌЕБЕ







ЉУБИЧИЦА



КОЊ





### Вежба 1

Следните реченици напиши ги со ракописни букви!

- Љубица е среќна, јаде топол ѓеврек.
- Ќебето е за во зима.
- Љубовта на Соња кон коњите е голема.

### Вежба 2

Напиши ги следните зборови точно: ѕамија, кулакопки, џеврек, којн, вос.

## Македонска азбука – учиме ракописни букви



ФЕН





ХУЛАХОПКИ





ЏАМИЈА





ЅВОНЧЕ



### Вежба

Следните реченици напиши ги со ракописни букви:

- Џемиле се подготви за да оди во џамија.
- Ѕуницата е убава.
- Со фенот ја сушам косата.
- Хулахопките се во бела боја.







































# ЧИТАМЕ И РАЗГОВАРАМЕ



## СЕ ПОЗДРАВУВАМЕ, СЕ ПРЕТСТАВУВАМЕ И СЕ ОПИШУВАМЕ

Учениците си играат во паркот. Топката се движи од едниот до другиот крај на паркот. Сите викаат и се смеат. Сите се среќни. Одеднаш топката лета кон еден автомобил. Се вклучува алармот. Еден човек доаѓа и вика по децата:

– Кој го направи ова?

– Јас – вели едно.

– Не, јас го направив тоа. – вели друго.

– Ние го направивме! – вели трето.

– Вие сите го направивте тоа?

– Да, и ние и тие. – велат децата и покажуваат едни кон други.

– Тогаш, добро. – вели човекот. Вие сте другари?

– Да, – велат заедно.

– Кој си ти?

– Јас сум Алдо. Ова е Милош. Тој е Иван.

– А кои се оние?

– Тие се Ари, Хасан и Миро.

– А вие кој сте? – најпосле праша едно дете.

– Јас сум Ифран, мило ми е другари! – се претстави тој.

■ *Авторски текст*

### РЕЧНИК

Викам, викаш, вика;
се смеам, се смееш, се смее;
играм, играш, игра;
летам, леташ, лета;
вклучувам, вклучуваш, вклучува;
топка, топки;
парк, паркови;
дете, деца;
човек – луѓе;
еден – сите;
среќен, среќна, среќно, среќни.

Лични заменки по лице и број

| Еднина: | Множина: |
|---|---|
| 1 л. јас | 1 л. ние |
| 2 л. ти | 2 л. вие |
| 3 л. тој / таа / тоа | 3 л. тие |

Кој го направи ова?

Јас го направив.
Ти го направи.
Тој/таа/тоа го направи.
Ние го направивме.
Вие го направивте.
Тие го направија.

| Глаголот СУМ<br>по лица, во еднина и множина | |
|---|---|
| 1 л. јас сум | 1 л. ние сме |
| 2 л. ти си | 2 л. вие сте |
| 3 л. тој е<br>таа е<br>тоа е | 3 л. тие се |

| | |
|---|---|
| 1 л. Јас сум среќен. | 1 л. Ние сме среќни. |
| 2 л. Ти си среќен. | 2 л. Вие сте среќни. |
| 3 л. Тој е среќен.<br>Таа е среќна.<br>Тоа е среќно. | 3 л. Тие се среќни. |

## Гатанка

Бели дробови
на градовите се тие.
Шетајте по нив!
Чувајте ги и вие!

*(паркови)*

*Александар Кујунџиски*

Кој е среќен?
Јас сум среќен, таа е среќна.
Ние сме среќни, а и тие се среќни.



## ЕСЕН

Есента е златна,
плодови ни носи.
На дрвјата зелени
им жолтеат коси.

Ветрот свири,
дождови леат.
Лисјата што паѓаат
тажна песна пеат.

*Александар Кујунџиски*



### Вежба

Состави зборови од дадените букви!

а) н, е, с, е
б) и, к, о, с
в) п, е, с, а, н
г) в, и, и, с, р
д) л, е, з, е, и, н

Одговори!

Како изгледа паркот во кој играш кога е есен?
Опиши го со неколку зборови: широк, голем, зелен, пожолтен, златен, убав!

..........................................................................................

..........................................................................................



## АЛИ НА ПРОЗОРЕЦ

Али седи на прозорецот и гледа надвор. Денес е настинат и седи дома. Со баба му си разговараат.

Баба му прашува:

– Која е онаа убава девојка во синиот фустан?
– Таа е Зејнеп.
– А кое е она високо момче?
– Тоа е Ветон.
– А онаа жена, која е?
– Таа е сосетката Сара.
– А оние деца на крајот на улицата, кои се?
– Тие деца, бабо, не ги познавам.

Али си легнува и чека да му помине температурата.

■ *Авторски текст*

| Показни заменки | |
|---|---|
| **еднина** | **множина** |
| овој, оваа, ова | овие |
| оној, онаа, она | оние |
| тој, таа, тоа | тие |



Овој човек, оваа жена,
ова дете, овие луѓе.



Оној човек, онаа жена,
она дете, оние луѓе.



Тој човек, таа жена,
тоа дете, тие луѓе.

## Вежба

Прочитај го дијалогот и потоа состави сличен на него! Може да користиш фотографија од твојот телефон.

А: Ова сум јас на фотографијата. Тоа е мојата другарка. Ова е мајка ми и до неа е татко ми.
Б: Кој е овој големиов?
А: Овој, големиов, е мојот братучед Вејсел. Тој е многу умен. Добар ученик е и добар спортист.
Б: Оваа девојка на крајот на фотографијата, која е ?
А: Оваа девојка е мојата роднина која живее во Струга, се вика Ајше.
Б: Многу убава семејна фотографија.
А: Благодарам! Покажи ми сега твоја семејна фотографија.

## Вежба

Препиши го дијалогот со ракописни букви!

## Вежба: **Опис на мојот дом**

Напиши како се вика делот од домот прикажан на фотографиите и потоа опиши го домот! При опишувањето, користи ги зборовите: голема, мала, широка, тесна!






# Свадба

Ова се моите соседи. Денес тие прават свадба. Невестата се вика Ајше, а младоженецот се вика Арбер. Нека е со среќа на Ајше и Арбер! Честитки!

На свадбата има многу гости. Сите имаат покана за оваа свадба.

На крајот од свадбата се служи и невестинска торта.

Ова е поканата:


ПОКАНА ЗА СВАДБА

Почитувани,
Со голема радост и љубов Ве покануваме да бидете дел од најсреќниот ден во нашиот живот!

Ние, Ајше Арифоска и Арбер Текешан

5 октомври 2025 година во 16:00 часот,
во црквата „Св. Климент Охридски“, Скопје.

Ова е тортата:



Свадбата е голема веселба. Честитки!

## Задача:

Направи покана за свадба.



# 2. Училиште, место на живеење, интереси и слободно време




МОЕТО УЧИЛИШТЕ ....................................................................44
ВО УЧИЛНИЦА ..........................................................................46
ВО МОЈОТ РАНЕЦ .....................................................................48
БОИ ВО МОЈОТ УЧИЛИШТЕН ПРИБОР ..................................50
ПРЕМЕСТУВАЊА ВО УЧИЛНИЦАТА .......................................52
МОЈОТ УЧИЛИШТЕН ЖИВОТ .................................................54
ЧАСОВНИК .................................................................................55
ДНЕВНИ ЗАДОЛЖЕНИЈА .........................................................56
ИНТЕРЕСИ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ .........................................58
СЕГАШНО ВРЕМЕ.......................................................................59
ШТО САКАМ ДА ПРАВАМ КОГА ИМАМ СЛОБОДНО ВРЕМЕ ..........................................................................................62
МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ ..............................................................63
ЗНАМЕНИТОСТИ ВО МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ ..................64
СРЕЌНА НОВА ГОДИНА ..........................................................66




# МОЕТО УЧИЛИШТЕ



Моето училиште е убаво и големо. Се наоѓа на главната улица во моето место на живеење.

Моето училиште е на два ката.

На првиот кат има десет училници.

На вториот кат има библиотека, канцеларија на директорот, наставничка канцеларија и пет училници. Има два ходника. Тие се долги и широки.

Во дворот има голема спортска сала. Околу дворот има ограда и железна порта.

Јас многу го сакам моето училиште.





## РЕЧНИК

Имам, имаш, има;
училиште, училишта;
училница, училници;
библиотека, библиотеки;
канцеларија, канцеларии;
спортска сала, спортски сали;
железен, железна, железно, железни;
порта, порти;
место, места;
прв, втор, трет.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Што има на првиот кат во училиштето?
– Што има на вториот кат во училиштето?
– Дали покрај училиштето има двор?
– Што има друго во дворот?



## Вежба 1

Опиши го твоето училиште според примерот што го прочита! Напиши дали училиштето е големо или мало, колку училници има, дали има библиотека, колку канцеларии има?!

.................................................................................................................................................

.................................................................................................................................................

.................................................................................................................................................

## Еднина и множина кај именките

| еднина | множина |
|---|---|
| училиште | училишта |
| училница | училници |
| библиотека | библиотеки |
| канцеларија | канцеларии |
| сала | сали |

Придавките ги опишуваат именките.
Примери: големо, мало, старо, дрвено, железно, тенко, долго.

Ако именката е во еднина, и придавката е во еднина.
Ако именката е во множина, и придавката е во множина.
Примери: мали маси, долга редица...

## Вежба 2

Заокружи го точниот одговор!

1.
А) главна улица
Б) главниот улица
В) главното улица

2.
А) спортските сала
Б) спортската сала
В) спортската сали

3.
А) железни порта
Б) железни порти
В) железно порти

## Вежба 3

Направи мал цртеж од твоето училиште!

# ВО УЧИЛНИЦА



Во нашата училница има многу интересни работи. Ѕидовите се бели. На ѕидовите има хамери, цртежи од ученици и слики со животни и растенија.

Има една бела табла и една стара зелена табла.

На едниот крај од училницата има и телевизор.

Има две долги редици со дрвени клупи и дрвени столчиња.

Има два големи шкафа.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Какви се ѕидовите во училницата? Што има на ѕидовите?
– Што има на сликите? Дали има цртежи? Чии се цртежите?
– Дали има телевизор во училницата?
– Колку редици со дрвени столчиња и клупи има?
– Дали има шкафови? Колку шкафа има?

Одговорите на овие прашања напиши ги во тетратка користејќи ракописни букви!

## РЕЧНИК

Ѕид, ѕидови;
цртеж, цртежи;
бел, бела, бело, бели;
зелен, зелена, зелено, зелени;
стар, стара, старо, стари;
дрвен, дрвена, дрвено, дрвени;
голем, голема, големо, големи;
хамер, хамери;
редица, редици;
табла, табли;
телевизор, телевизори;
шкаф, шкафови;
стол, столови, столчиња.



## Вежба 1

Подвлечи со кој збор одговара описот!

Примери:

Бела ~~~ <u>табла</u>
табли

| | | | |
|---|---|---|---|
| Големи шкаф<br>шкафови | Дрвен стол<br>столови | Голем хамер<br>хамери | Стара зелена табла<br>табли |

| Глаголот ИМА | |
|---|---|
| еднина | множина |
| 1 л. јас имам | 1 л. ние имаме |
| 2 л. ти имаш | 2 л. вие имате |
| 3 л. тој има<br>таа има<br>тоа има | 3 л. тие имаат |

**СПОРЕДУВАМЕ**

Како се кажува на твојот мајчин јазик:
Мојата училница е полна со интересни работи?

### Дополни за да биде точно!

Во текстот со наслов „Во училница“ има многу предмети, наброј ги! ..........................................
..........................................................................................................................................
..........................................................................................................................................

## Вежба 2

Во квадратчињата подолу направи цртеж од училницата во која го поминуваш денот на училиште, а во другото квадратче нацртај како би сакал/-а да изгледа твојата училница!

# ВО МОЈОТ РАНЕЦ



Го подготвувам ранецот за во училиште. Денес имам пет часа со различни наставни предмети. Прв час имам Македонски јазик, потоа имам Математика, Физичко и здравствено образование, Англиски јазик и Ликовно образование.
За овие часови ми се потребни: две тетратки со линии, една тетратка со коцки, блок, темперни бои и четки и учебниците по Македонски, Математика, Англиски.
Во училишниот прибор проверувам дали имам: молив, гума, пенкало, боички, фломастери и ножички.



## РЕЧНИК

Подготвувам, подготвуваш, подготвува;
проверувам, проверуваш, провери;
час, часови;
тетратка, тетратки;
линија, линии;
коцка, коцки;
блок, блокови;
темперна боја, темперни бои;
четка, четки;
учебник, учебници;
молив, моливи;
гума, гуми;
пенкало, пенкала;
фломастер, фломастери;
ножички.

## РАЗГОВАРАМЕ

Што треба да ставиш ти во својот ранец за утре?

## Вежба 1

Нацртај ги предметите од твојот училиштен прибор и под секој од цртежите напиши што е!

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  | | | | |
| ранец | | | | |

## Вежба 2

Дополни со формите од глаголот ИМА во соодветното лице!

Мелиса ................ големи фломастери. Сара .................. мали фломастери.
Ветон ......................... блок број 5. Јас .............................. две тетратки.
Ние .......................... мали ранци. Тие .................................... големи ранци.
Ти ....................... интересни книги во твојата соба. Сите .................. нов училиштен прибор.



# БОИ ВО МОЈОТ УЧИЛИШТЕН ПРИБОР





Сѐ на светот има своја боја!
Црвена, жолта, портокалова, зелена,
сина, виолетова, бела, црна, сива, кафеава.

Имам зелен ранец.
Имам црвени моливи и бела гума.
Тетратките ми се жолти и сини.

провери,



црвена жолта портокалова зелена сина виолетова бела црна сива кафеава

## Вежба 1

Опиши со каква боја се предметите во твојот училиштен прибор!

### Наставни предмети во петто одделение

Албански јазик, Турски јазик,
Српски јазик, Босански јазик;
Македонски јазик за учениците од другите заедници;
Англиски јазик;
Математика;
Природни науки;
Историја и општество;
Техничко образование и информатика;
Музичко образование;
Ликовно образование;
Физичко и здравствено образование.

### Да поразговараме:

Ветон сака Математика,
Али сака Физичко образование.
Сара сака Англиски и
Македонски јазик.
Берна сака Техничко
образование и информатика.

Што сакаш ти?

**Денови во неделата/седмицата:**

понеделник, вторник, среда, четврток, петок, сабота, недела.

Кој ден од седмицата е денес?
Денес е .......................................... .

## Вежба 2

Напиши го твојот распоред во табелата!



## Вежба 3
## Вежба за разговор

Прочитај ги речениците и одговори на прашањата!

Ветон оди на тренинг по кошарка во понеделник, среда и петок. Сара посетува часови по балет во вторник и четврток. Во сабота и недела, Ветон и Сара немаат активности. Али тренира фудбал во среда и петок, а во сабота и недела посетува курс по англиски јазик. Берна посетува курс по германски јазик во понеделник и среда.

Ветон игра кошарка во ..........................................................................................
Али тренира фудбал во ..........................................................................................
Али посетува курс по англиски во ...........................................................................
Сара посетува часови по балет во ...........................................................................
Берна посетува курс по германски јазик во ..............................................................

## Вежба 4

Подреди ги по ред деновите во неделата/седмицата!

Сабота, четврток, вторник, среда, понеделник, петок, недела.

..........................................................................................................................
..........................................................................................................................

# ПРЕМЕСТУВАЊА ВО УЧИЛНИЦАТА



Денес имаме час по Физичко и здравствено образование. На овој час одиме во спортската сала. Ранците се во училницата. Никој не влегува во училницата и сите работи се на своето место.

Ама, денес е сè поинаку. Моите работи не се во ранецот. Ставени се кај Берна од некого. Работите што ѝ припаѓаат на Берна се кај Али. Работите што му припаѓаат на Али се кај Сара.

Одеднаш сите почнуваме да прашуваме:

– Чиј е овој молив?
– Мој е – кажа некој.
– Чија е тетраткава со коцки?
– Моја е – одговори некој.
– Чие е пенкалово?
– Пенкалото е на Љуљзим.
– Што е ова?
– Ова е книга. Книгава е на Берна.
– Чиј е учебников?
– Негов е, на Симон.

Кога сакаме да прашаме кому му припаѓа нешто, користиме: чиј, чија, чие, чии.

Чие е ова? Ова е мое. Тоа е негово. Тоа е нејзино.
Тоа е наше. Она е ваше.
Чие е ова? Ова е на...

Кога сакаме да кажеме кому точно му припаѓа нешто, велиме:

Мој, моја, мое; мои; наш, наша, наше; наши.
Твој, твоја, твое; твои; ваш, ваша, ваше; ваши.
Негов, негова, негово; негови.
Нејзин, нејзина, нејзино; нејзини.
Нивни, нивна, нивни; нивни.
Свој, своја, свое; свои.

## Вежба 1

Дополни ги речениците со прашалните форми: **чиј**, **чија**, **чие**, **чии**. Пример: – Чиј е овој молив?

............... е овој молив? ................. е овој ранец? ................... е оваа книга? ................ се овие учебници?

## Вежба 2

Прочитај и дополни.

Сите се во спортската сала. Сите се немирни. Прашуваат многу прашања.
Чие е ова? Чии се овие патики? Чиј е овој ранец? Чија е оваа тренерка?
Чија е оваа топка?

............. е овој чорап? ............. е оваа блуза? ............. се овие очила?

## Вежба 3

Со другарчето до тебе, направете дијалог со прашалните форми: **чиј**, **чија**, **чие**, **чии**.
Пример: Чиј е овој клуч?



# МОЈОТ УЧИЛИШТЕН ЖИВОТ



Нашата училница е многу забавна и интересна. На масата кај наставничката има глобус. На крајот на училницата имаме мала библиотека со книги и сликовници. На ѕидовите има постери од лекциите кои ги учиме.

Јас седам во иста клупа со мојата другарка Сара. Со Сара на клупата ги ставаме нашите прибори. Јас секогаш имам пенкала и моливи. Сара секогаш носи гума која добро брише. Јас имам убави темперни боички, а Сара убави четки. Двете сакаме Ликовно образование. Исто така сакаме да учиме јазици. Нашиот мајчин јазик е албански. Ние сакаме да го учиме и македонскиот јазик. Сакаме да учиме и англиски и италијански јазик. Кога ќе пораснеме, ќе патуваме.

## РЕЧНИК

Учи, учам, учиш;
глобус, глобуси;
сликовница, сликовници;
книга, книги;
мајчин јазик.

## СПОРЕДУВАМЕ

Како ќе кажеш на твојот мајчин јазик:
Го сакам мојот училиштен живот!

## Вежба

Пополни ја табелата!

| **еднина** | **множина** |
|---|---|
| глобус | |
| | книги |
| училница | |
| | училишта |
| молив | |

## Одговори на прашањата за текстот.

- Што има во училницата на ученичката која раскажува?
- Со кого седи таа?
- Што ставаат ученичката и Сара на клупите?
- Што носи Сара?
- Што носи ученичката која ни раскажува?
- Што сакаат тие да учат?
- Кој им е мајчин јазик на двете ученички?
- Што сакаат да прават кога ќе пораснат?



# ЧАСОВНИК

Колку е часот?



Сега е ................. часот.



Сега е ................. часот.



Сега е ................. часот.

Колку е часот?




18:00 часот




13:00 часот



01:00 часот

## БРОЕВИ ДО 20

| | |
|---|---|
| 1 – еден | 11 – единаесет |
| 2 – два | 12 – дванаесет |
| 3 – три | 13 – тринаесет |
| 4 – четири | 14 – четиринаесет |
| 5 – пет | 15 – петнаесет |
| 6 – шест | 16 – шеснаесет |
| 7 – седум | 17 – седумнаесет |
| 8 – осум | 18 – осумнаесет |
| 9 – девет | 19 – деветнаесет |
| 10 – десет | 20 – дваесет |

## Вежба

Дополни ги броевите што недостасуваат во низата! Напиши ги со збор!

4, 5, ....................... 8, 9, ....................... 12, .................
........................... 15, ..................... 18, ..................... 20.

# ДНЕВНИ ЗАДОЛЖЕНИЈА



Ова е Јана.
Станува во 7:00 часот. Во 8:00 часот оди на училиште.
Се враќа во 12:00 часот.
Потоа учи до 15:00 часот.
Во 17:00 часот посетува часови по балет.
Во 21:00 часот си легнува.



Ова е Али.
Тој станува во 7:00 часот, исто така.
Во 8 часот оди на училиште. Се враќа во 13:00 часот.
Учи до 16:00 часот.
Тренира кошарка од 18:00 до 20:00 часот.
Си легнува во 22:00 часот.

## РЕЧНИК

Станувам, стануваш, станува;
легнувам, легнуваш, легнува;
одам, одиш, оди;
се враќам, се враќаш, се враќа;
учам, учиш, учи.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Во колку часот стануваш?
– Во колку часот си легнуваш?
– Во колку часот учиш?

## Прашање: одговор

**Во** колку часот легнуваш?
Си легнувам **во** 7:00 часот.

**Во** колку часот се враќаш?
Се враќам **во** 9:00 часот.

## Вежба

Разговарај со другарчето до тебе за тоа кога станува, кога оди на училиште, кога учи и кога легнува!



Станува во ....................



Оди на училиште во ................



Учи во ............................



Легнува во ................................

# ИНТЕРЕСИ И СЛОБОДНО ВРЕМЕ

Ветон чита лекција по Природни науки. Сара пишува домашна работа. Али чита лектира. Мери раскажува документарец во тетратка.

Сите прават нешто: учат, читаат, пишуваат. Потоа, во слободно време сите спортуваат или одат на дополнителни активности: хор, балет, драмски клуб и друго.






Нашите мисли ги изразуваме во реченици.

Примери: Маја сака балет. – Јас пишувам со молив. – Ветон е фудбалер.

Со речениците нешто соопштуваме, но можеме и да *прашаме* или *повикаме некого* или да искажеме некакво изненадување.

Речениците можат да завршуваат со интерпункциски знак:
**точка (.), прашалник (?) или извичник (!).**



# СЕГАШНО ВРЕМЕ

Сегашно време означува дејства што се случуваат во моментот на зборувањето.
Наставки за сегашно време по лица и број.

| **еднина** | **множина** |
| --- | --- |
| 1 л. –м | 1 л. – ме |
| 2 л. – ш | 2 л. – те |
| 3 л. / | 3 л. – ат |

**Глаголот пее**

**Еднина**
1 л. јас пеам
2 л. ти пееш
3 л. тој пее/таа пее/тоа пее

**Множина**
1 л. ние пееме
2 л. вие пеете
3 л. тие пеат

**Глаголот гледа**

**Еднина**
1 л. јас гледам
2 л. ти гледаш
3 л. тој гледа/таа гледа/тоа гледа

**Множина**
1 л.ние гледаме
2 л. вие гледате
3 л. тие гледате

### Глаголот мисли

**Еднина**
1 л. јас мислам
2 л. ти мислиш
3 л. тој мисли /таа мисли/ тоа мисли

**Множина**
1 л. ние мислиме
2 л. вие мислите
3 л. тие мислат

**Вежба:**

Пополни ги празните места со со формите на глаголите, **гледа**, **мисли** или **слуша**.
1. Ардиан _____________ телевизија.
2. Наставничката зборува, Елмира _____________.
3. Берат _____________ музика.
4. Ајлин _____________ филм.
5. Ѓулшан _____________ приказни од баба ѝ.
6. Илјаз _____________ дека задачата е лесна.
7. Луан _____________ низ прозорецот.
8. Дениз _____________ во цвеќето.
9. Арта _____________ песна на радио.
10. Џем _____________ во книгата и чита со внимание.

**Вежба:**

Заокружи го точниот глагол и напиши го во празното место
(чита, пее, слуша, учи, пишува, гледа)!
1. Арта _____________ (чита / пее) книга во библиотеката.
2. Берат _____________ (гледа / пишува) филм на телевизија.
3. Елмира _____________ (слуша / учи) македонски јазик секој ден.
4. Џем _____________ (пее / чита) песна во училиште.
5. Ѓулшан _____________ (пишува / гледа) домашна задача.
6. Луан _____________ (слуша / чита) музика со слушалки.
7. Ајлин _____________ (учи / пее) лекцијата за утре.
8. Илјаз _____________ (пишува / слуша) во тетратка.
9. Дениз _____________ (гледа / чита) слики во телефонот.
10. Ардиан _____________ (пее / слуша) песна со другарите.

## ЧИТАМЕ И РАЗГОВАРАМЕ

**Кој каде оди според своите интереси**

А: Дали посетуваш хор?
Б: Не, јас не посетувам хор.
А: А, што сакаш да правиш?
Б: Јас сакам да тренирам фудбал? А ти?
А: Јас го посетувам драмскиот клуб во мојата населба.

А: Дали тренираш фудбал?
Б: Не, јас не тренирам фудбал. Тренирам кошарка.
А: Одлично.

А: Во колку часот тренираш кошарка?
Б: На кошарка одам наутро, во 9:00 часот.

А: Кога тренираш фудбал?
Б: Фудбал тренирам навечер, во 8:00 часот.



### Фрази

Кога тренираш?
Тренирам: навечер, наутро, сега, попладне, претпладне.
Јас тренирам ...?
Во колку часот одиш да тренираш?
Одам во ...... часот.

| Глаголот ОДИ | |
|---|---|
| еднина | множина |
| 1 л. јас одам | 1 л. ние одиме |
| 2 л. ти одиш | 2 л. вие одите |
| 3 л. тој оди<br>таа оди<br>тоа оди | 3 л. тие одат |

| Глаголот ИГРА | |
|---|---|
| еднина | множина |
| 1 л. јас играм | 1 л. ние играме |
| 2 л. ти играш | 2 л. вие играте |
| 3 л. тој игра<br>таа игра<br>тоа игра | 3 л. тие играат |

| Глаголот ТРЕНИРА | |
|---|---|
| еднина | множина |
| 1 л. јас тренирам | 1 л. ние тренираме |
| 2 л. ти тренираш | 2 л. вие тренирате |
| 3 л. тој тренира<br>таа тренира<br>тоа тренира | 3 л. тие тренираат |

### Вежба 1

Напиши прашања за дадените одговори!

................................................................................................ .
Тренирам кошарка во 7:00 часот попладне.
................................................................................................ .
Јас тренирам фудбал во 6:00 часот претпладне.
................................................................................................ .
Напладне го посетувам драмскиот клуб.

### Вежба 2

Напиши ги глаголите пишува, учи и чита во сите лица, еднина и множина, сегашно време како во табелите со глаголите оди, игра и тренира.

# ШТО САКАМ ДА ПРАВАМ КОГА ИМАМ СЛОБОДНО ВРЕМЕ

## Вежба 1

Одбери според твоите желби!



Кога имам слободно време, сакам да:
а) читам книги,
б) слушам музика,
в) играм друштвени игри,
г) спортувам,
д) гледам телевизија,
ѓ) играм игри на компјутер.

## Вежба 2

Дополни што те радува да правиш кога имаш слободно време, а не беше напишано во претходната вежба!

Кога имам слободно време, .........

## Вежба 3

Напиши, според сликичките, кој што прави во слободното време!





# МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ



Кој каде живее?

Луѓето живеат на различни места: во села и градови.
Некои места се мали, некои се големи.

Каде живеат овие другарчиња?

Сара живее **на** улица „Кичевска“, број 11, **во** Скопје. Живее **во** куќа.

Метин живее **на** улица „Слобода“, број 20 б, влез 2, стан број 8, **во** Гостивар.
Живее **во** зграда.

Ветон живее **на** улица „Мак Диздар“, број 16 в, **во** Маврови Анови.
Живее **во** куќа **на** два ката.

Каде живееш ти? Напиши со целосен одговор како што е во примерите погоре!

..................................................................................................................................................

| ЖИВЕЕ | |
|---|---|
| еднина | множина |
| 1 л. јас живеам | 1 л. ние живееме |
| 2 л. ти живееш | 2 л. вие живеете |
| 3 л. тој живее<br>таа живее<br>тоа живее | 3 л. тие живеат |

## Вежба

Дополни!

Јас ........................ на улица „Александар Македонски“, а тие ............................. на „Вардарска“.
Мојот другар .................................... на „Партизанска“, а вие пак ........................................ на улица „Мајка Тереза“.
Сите .............................. во Скопје.

# ЗНАМЕНИТОСТИ ВО МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ




Јас сум Јана. Живеам во Скопје.
Скопје е голем и убав град.
Еве некои од неговите знаменитости.

Ова е Скопската чаршија.
Ова е црквата Св. Спас.
Ова е Спомен-куќата на Мајка Тереза.
Ова е познатиот Воин на коњ.
Ова е Милениумскиот крст.
Во Скопје тече реката Вардар.
Планината Водно е стара планина.

Здраво, другарчиња! Јас сум Берин. Од Тетово сум.
Убаво е да се живее во Тетово.
Во Тетово има многу интересни нешта.

Ова е црквата Св. Атанасиј.
Ова е Шарена џамија.
Ова е Арабати Баба Теќе.
Ова е Тетовското кале.
Ова е Домот на културата во Тетово.
Туристичкото место Попова Шапка е во близина на Тетово.


*Арабати Баба Теќе*




## Вежба 1

А каде живеете вие? Направете презентација на знаменитостите во вашето место на живеење, онака како што е прикажано од Јана и Берин!

.......................................................................................................................

.......................................................................................................................

.......................................................................................................................

## Вежба 2

Објасни зошто е убаво да се живее токму во твоето место на живеење, без разлика дали тоа место е големо или е мало!
Употреби некој од предложените зборови:
убаво, мирно, тивко, пријатно, улици, згради, куќи, училишта!

Во моето место на живеење е .................................................................................... да се живее.
Има многу ..............................................................................................................................
Моето место на живеење е ......................................................................................................
Јас го сакам мојот град/моето село/мојата населба што се вика ...........................................

## Вежба 3

Поправи ги грешките во пишувањето на мали и големи букви во следниот текст:

Јас живеам во дебар. имам 7 години.  Дедо петре живее во ростуше. Многу ја сакам реката радика. Еднаш во неделата одам во струга кај чичко ми. Мајка ми ќе оди во скопје, а потоа сите ќе одиме на Охридско езеро. Потоа, сакам да одам во маврово и да го видам лазарополе. Сакам да ги видам и на осоговските планини.



**Тетово**
*Шарена џамија*



**Скопје**
*Камен мост*

# СРЕЌНА НОВА ГОДИНА



## ЧИТАМЕ И РАЗГОВАРАМЕ

### ЗДРАВИ ДА МИ РАСНЕТЕ

Ѕунат, ѕунат снегулки
– сегде покрив бел...
Дење ноќе патувам,
да го минам светов цел.

Носам вреќа играчки,
љубов, нежност, цвет.
Здрави да ми растете,
деца од цел свет!

Подајте си рачиња
– оро вито в час!
Дружно да запееме
– радост, весел глас:
Дедо Мраз, Дедо Мраз,
дојде Дедо Мраз!

*Бистрица Миркуловска*

### РЕЧНИК

Нова година;
Дедо Мраз;
украс, украси;
лампион, лампиони;
вреќа, вреќи;
играчка, играчки.

### РАЗГОВАРАМЕ

– Дали дома организирате прослава за дочекот на Новата година?
– На кој начин?
– Дали украсувате по дома?
– Кој е Дедо Мраз кај вас дома?



## Вежба

Напиши Напиши им честитки за Нова година на твоите роднини, на твоите соседи и на другарите.

## Вежба

На елката нацртај лампиони, а за секој лампион замисли по една желба која би сакал/а да ти се исполни во Новата година! Желбите запиши ги дополнително на линиите!

........................................................................................................

........................................................................................................

........................................................................................................

........................................................................................................

........................................................................................................







# 3. Нашето тело, здравје, и исхрана

ЧОВЕЧКО ТЕЛО ..... 70
ЗДРАВА ХРАНА: ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК..... 71
НА ПАЗАР ..... 72
МАКЕДОНСКИ ТРАДИЦИОНАЛНИ ЈАДЕЊА ..... 74
РОДЕНДЕНСКА ТОРТА ..... 76
ВОЛШЕБНА ПЛАНЕТА ..... 78
ЅВЕЗДИЧКА ..... 80
ИЗМИСЛЕН ДРУГАР ..... 81
ЛАЗАЧЕ ..... 82
ТАТКО И СИН ..... 82
ЗАБОТ НА НИЛСКИОТ КОЊ ..... 84
МАЧОР ЕДЕН ..... 85
ТЕШКОТО ..... 86
ДВАТА БАКНЕЖИ ..... 87
ПЕЈЗАЖ..... 88
ПРОЛЕТНА ВЕСТ..... 89
ЛЕТО..... 90



# ЧОВЕЧКО ТЕЛО



Ова е глава.

Ова е коса.

Ова е око,
ова се очи.

Ова е уво,
ова се уши.

Ова е нос.

Ова е уста.

Ова е рака.
Ова се раце.

Ова е нога.
Ова се нозе.

Ова е стапало.
Ова се стапала.

## Опишуваме

Примери:

Марко има долги раце и долги нозе.
Сара има долга кафеава коса.
Јас имам сини очи и руса коса.
Али има кафени очи и кратка коса.
Ветон има сладок нос и куси раце.

## Вежба 1

Опиши го другарчето до тебе! Искористи ги примерите што ги прочита погоре! Описот напиши го со куси реченици, ракописно!

## Вежба 2

Нацртај го твоето семејство и потоа опиши го усно според изгледот на членовите на твоето семејство: каква коса и боја на очи имаат сите од семејството, дали се високи или ниски и колку години имаат!



# ЗДРАВА ХРАНА: ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК

САРА: Али, дали сакаш овошје?
АЛИ: Сакам. Многу сакам овошје.
САРА: Кое овошје ти е омилено?
АЛИ: Омилено овошје..., па...: јаболко, круша, слива, праска, кајсија, лубеница, диња, калинка, цреша, јагода...
САРА: Значи, сè ти е омилено?
АЛИ: Ха-ха, да. А ти, дали сакаш зеленчук?
САРА: Најмногу од сè.
АЛИ: Кој зеленчук го сакаш најмногу?
САРА: Па, сакам сè што е зеленчук: пиперка, компир, зелка, кромид, лук, модар домат, тиква, краставица, пченка.
АЛИ и САРА: За да бидеме здрави, треба да се храниме со многу овошје и зеленчук!



| **еднина** | **множина** |
|---|---|
| домат | домати |
| пиперка | пиперки |
| зелка | зелки |
| краставица | краставици |
| компир | компири |
| јаболко | јаболка |
| круша | круши |
| слива | сливи |
| праска | праски |

## Вежба

Опиши го твоето омилено овошје и твојот омилен зеленчук!

Пример: Омилен зеленчук ми е зелката. Таа е зелена. Може да биде голема, а може да биде и мала.

# НА ПАЗАР



Баба ми отиде на пазар со дедо ми. Тие купија: 2 килограми црвени домати, 1 килограм пиперки, 5 килограми краставици, 4 килограми јаболка и 3 килограми круши. Сега во кујната има многу витамини.

## Вежба

Нацртај со што ти би ја наполнил својата кошничка! Со кое овошје и зеленчук? Откако ќе ги нацрташ, напиши кои овошја или зеленчуци се во кошничката!

## РЕЧНИК

Оброк, оброци;
појадок, појадоци;
ручек, ручеци;
вечера, вечери;
здрава храна;
омилен, омилена, омилено, омилени;
вкусно, вкус.

## КОЈ ШТО САКА ДА ЈАДЕ

Денес, во училницата сите се весели. Зборуваат на тема оброци.

АЛИ: Мојот омилен оброк е појадокот. Појадок е првиот оброк наутро. Важен е. Сакам пита со сирење и јогурт. Многу е вкусно.

САРА: Мојот омилен оброк е ручекот. Се јаде напладне и тогаш сакам салата од свеж зеленчук, месо и компири. Навистина е вкусно.

БЕРИН: Јас најмногу сакам десерт. Секогаш сакам баклави , торти и колачи.

ВЕТОН: Мојот омилен оброк е вечерата. Јадам месо и салата. Навечер не се јаде многу.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Кој му е омилен оброк на Али?
– Кога се јаде појадокот?
– Што сака да јаде Али за појадок?
– Кој ѝ е омилен оброк на Сара?
– Што јаде таа за ручек?
– Што сака да јаде Берин?
– Дали е тоа здраво?
– Дали е во ред десертот да биде твое омилено јадење?
– Што јаде Ветон за вечера?

## Вежба

Пронајди ги зборовите во крстозборот:
појадок, ручек, вечера, оброци, вкусно, здрава храна, зеленчук, овошје!

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| З | Е | Л | Е | Н | Ч | У | К | А | И | П | Х | Р | Е | А | С |
| Ј | К | Л | Б | Е | Р | Т | Ц | Х | Б | В | К | У | С | Н | О |
| П | О | И | К | Л | Х | Б | В | Ф | Ј | С | З | А | Џ | Ц | В |
| Г | Ф | Г | Х | Е | Т | Р | Т | Ц | У | Ц | В | Б | Н | М | К |
| С | Д | Х | Ј | З | Д | Р | А | В | А | Х | Р | А | Н | А | У |
| Т | Р | Х | Ј | Г | Р | Е | Њ | Љ | Ј | А | А | В | К | Ј | Ѕ |
| Р | Ф | Г | Ц | Џ | А | С | Ф | Б | К | О | В | О | Ш | Ј | Е |
| П | О | Ј | А | Д | О | К | М | Ј | Ѕ | Г | Е | А | Р | Т | Г |
| Љ | Х | Ф | В | Б | Н | Р | А | С | Т | Х | Р | Ѕ | У | И | О |
| А | Е | Р | Т | Д | Ф | В | Р | У | Ч | Е | К | Б | Н | М | Л |
| З | О | У | Т | Ф | Е | Ј | Д | Њ | О | Б | Р | О | Ц | И | Ф |
| У | Д | В | Е | Ч | Е | Р | А | Б | Р | Т | У | К | К | И | А |

## Рецепти

Кое е твоето омилено јадење? Од кои производи се подготвува?
Напиши подолу што треба да се купи за твоето омилено јадење!

.................................................................................................................

.................................................................................................................

## Вежба

На линиите подолу напиши ги имињата на традиционалните јадења во твојата национална кујна!

.................................................................................

.................................................................................

.................................................................................

### Задача

Пронајди имиња на три рецепти кои се дел од македонската традиционална кујна!

Напиши ги нивните имиња!

# Македонски традиционални јадења

Македонската кујна изобилува со рецепти за вкусни оброци со многу зеленчук.



тавче-гравче



пинџур



македонска салата

## Рецепти со месо и риба:



турли-тава



селско месо



печена охридска пастрмка

## Рецепти со тесто:



вртена пита



пастрмајлија

Знаете ли што е потребно за
една македонска салата?

Потребно е:

домати, пиперки, кромид, краставици, магдонос и сирење.

Знаете ли што е потребно за
едно тавче-гравче?

Потребно е:

грав, кромид, црвени пиперки, сол, масло за јадење, вода.

## ШТО Е НА МЕНИТО




Знаете ли е што е потребно за
турли-тава?

Потребно е:
месо (свинско или телешко), кромид, пиперки, модар домат, црвен домат, моркови, компири, сол, масло за јадење и вода.

**Одговори!**

Што има на менито за јадење?
Кога е отворен ресторанот?

СЛУШАМЕ/ЧИТАМЕ/ОДГОВАРАМЕ

# РОДЕНДЕНСКА ТОРТА



На масата во кујната имаше роденденска торта на пет ката со пет свеќи одозгора. На неа пишуваше: „Среќен роденден, Лидија!“

Беше вторник. Часовникот покажуваше  дванаесет часот. Во кујната влезе Весна и прва ѝ го честита роденденот на Лидија со едно големо чоколадо со јатки од лешници. По неа дојде Васе, со играчка в раце. Ѝ го честита петтиот роденден и ѝ посака да стане инженер. Трета по ред дојде Соња. Таа ѝ подари шамиче и кутија со вафли. Василко дојде четврти. Тој ѝ го честита роденденот со четири сини и еден црвен балон. Снеже ѝ подари четка и паста за заби. Потоа, децата се фатија за рака и запеаја:

– Честит роденден, Лидија,<br>
петтиот по ред!<br>
Да раснеш и пораснеш<br>
како мајски цвет!

Свеќите веќе гореа. Лидија се наведна над тортата, вдиша воздух, па дувна:<br>
– Фууууууууууууууууу!

*Извадок од расказот „Роденденска торта“ од Александар Стојковски*

Прв,<br>
втор,<br>
трет,<br>
четврти,<br>
петти,<br>
шести,<br>
седми,<br>
осми,<br>
деветти,<br>
десетти.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Што слави Лидија?<br>
– Колку години полни?<br>
– Колку свеќички дува?<br>
– Што пишува на тортата на Лидија?<br>
– Кој дојде на роденденот?<br>
– Какви подароци доби Лидија?

## Вежба 1

Напиши ги сите зборови кои не ти се познати! Потоа, дискутирај со своите другарчиња за значењето на сите зборови!

..........................................................................................................................................................

..........................................................................................................................................................

## Вежба 2

Напиши ги сите зборови кои означуваат број во овој текст!

..........................................................................................................................................................

..........................................................................................................................................................

## Вежба 3

Напиши ги сите зборови кои означуваат јадење!

..........................................................................................................................................................

..........................................................................................................................................................

## Вежба 4

Напиши ги сите имиња во текстот „Роденденска торта“!

..........................................................................................................................................................

..........................................................................................................................................................



Нацртај покана со текст за твојот роденден!
На пример, вака:
Повели на мојот десетти роденден, во недела,
10 декември, во 5 часот попладне, во мојот дом!

### СПОРЕДУВАМЕ

Како ќе кажеш на твојот мајчин јазик:

Среќен роденден
и сè најубаво!



# ВОЛШЕБНА ПЛАНЕТА

Една зимска вечер, додека надвор снегот паѓа, во топлиот дом на семејството Николовски бурно се дискутира за планетите. Секој кажува какви планети има, која е најголема, која е најубава и кој каде сака да живее. Оља и Михајло за миг посакуваат да отидат на Меркур, Венера или Сатурн, но размислуваат дали таму има живот и услови за живот. На нивниот разговор им се приклучува татко им и им вели:

– Нашата планета се вика Земја. Таа е најубавата од сите планети.

– Од каде знаеш дека таа е најубава кога не си ги видел другите планети? – во еден глас прашуваат Оља и Михајло.

– Ги следам сите документарни емисии за планетите и за универзумот. Со сигурност тврдам дека Земјата е најубава и затоа многу пати ја нарекувам чудесна и волшебна. Сигурно се прашувате зошто?

Оља и Михајло зачудено очекуваат целосни одговори кои ќе ги задоволат нивните љубопитни главчиња и само велат: „Кажи, кажи, за ова... кажи за она...!“

– Чудесна е затоа што на неа опстануваат многу видови растенија, животни, а и ние луѓето, – одговара татко им. По кратка пауза додава:

– Волшебна е затоа што таа обезбедува услови за опстанок на целиот жив свет.

*Извадок од расказот „Волшебна планета“ од Јадранка Клисарова*

## РЕЧНИК

Зимска, зимско, зимски;
волшебен, волшебна, волшебно, волшебни;
планета, планети;
универзум, универзуми;
снег, снегови;
живот, животи;
услов, услови;
разговор, разговори;
разговарам, разговараш, разговара;
обезбедувам, обезбедуваш, обезбедува;
паѓам, паѓаш, паѓа;
опстанок;
свет, светови.

## РАЗГОВАРАМЕ

– Кои деца се споменуваат во текстот?
– За што разговараат тие?
– Што вели нивниот татко, која е најубава планета?
– Како таткото ја нарекува Земјата?



## СПОРЕДУВАМЕ

Кажи како на твојот мајчин јазик се вели:

Земјата е чудесна планета!

## Вежба 1

Напиши реченици со зборовите: волшебна, чудесна, најубава, најголема!

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

## Вежба 2

Напиши ги сите прашални реченици во текстот (речениците со кои Оља, Михајло и нивниот татко поставуваат прашања).

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

## Вежба 3

Напиши за што сакаш најмногу да разговараш во твоето семејство!

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

## РАЗГОВАРАМЕ

– Што има на небото?
– Дали знаеш имиња на ѕвезди?



## Вежба

Читаме и се натпреваруваме кој чита и акцентира најубаво.

# ЅВЕЗДИЧКА



## ЅВЕЗДИЧКА

Трепетна светулка од небото падна,
во сино вирче, во водата ладна.

Паричка е жолта,
детето си рече.

Цветче е што светка
и ветрето рече.

Ни едно ни друго,
ноќта в збор им влезе.

Ѕвездичка е жолта,
да се мие слезе.

*Стојан Тарапуза*
*(„Насмеани капки“)*

При изразното читањето на песната ти доживеа (поетски) слики за слушнатите стихови? Можеш ли да ги насликаш во празниот простор?

# ИЗМИСЛЕН ДРУГАР

## РАЗГОВАРАМЕ

– Дали имаш другари?
– Како се викаат?
– Што правите заедно со другарите?
– Што е најтажно за едно дете?



### ИЗМИСЛЕН ДРУГАР

Само дете, само стои,
гледа в небо, птици брои.
Се поткрена,
си откина суво гранче,
се наведна,
лази бубаче ко дамче.
Само дете, само шета,
над глава му птица лета.
Се насмеа,
најде ливче како чамче,
си запеа,
си подигна бело камче.
Само дете, само в двори,
со камче си игра, збори.

*Светлана Христова-Јоциќ*
*(„Алка за нишалка“)*

## Вежба 1

Опиши го твојот другар со кој се дружиш најмногу!

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

# ЛАЗАЧЕ



## ЛАЗАЧЕ

Лази, лази, полже мало,
пушти нозе,
подај раце,
кроце-кроце.

Крени глава,
види небо, сонце, зраци,
влечи става,
земја, трева, цвеќе баци.

Лази, лази, полже мало,
сила збери,
земја мери,
кроце-кроце.

***Светлана Христова-Јоциќ***
***(„Алка за нишалка“)***



## РАЗГОВАРАМЕ

– Кому му е посветена песничката?
– Кој ползи?
– Кои зборови означуваат делови од природата?
– Кои зборови се однесуваат на делови од телото?

Одговорите напиши ги на линиите подолу!

# ТАТКО И СИН

Една постара жена се качила во возот, исто како и секој претходен ден. По неколку станици забележала дека се качиле татко и неговиот веќе возрасен син. Тие седнале веднаш спроти неа.

Наскоро синот започнал гласно да му зборува на таткото, да му ги опишува облаците, зградите и дрвјата што ги гледа, додека возот ги одминува.

По некое време, жената не можела повеќе да се воздржи, па му рекла на таткото: „Извинете, но дали сте размислиле дека можеби треба да го однесете синот на доктор?“

Таткото одговорил: „Всушност, од таму и доаѓаме. Знаете, син ми беше слеп од раѓање, а ова е првиот ден од неговото прогледување“.

Жената замолчела.

Никогаш не претпоставувајте дека ја знаете туѓата приказна!

*(Анегдота, непознат автор)*

## РАЗГОВАРАМЕ

– Зошто момчето многу зборува во возот?
– Што мислиш за нејзината постапка?



На линиите подолу напиши ја пораката која ја препозна во тесктот!

..............................................................................................
..............................................................................................
..............................................................................................
..............................................................................................

ЧИТАМЕ И РАЗГОВАРАМЕ

# ЗАБОТ НА НИЛСКИОТ КОЊ



– Еј, забару! –  се подналути нилскиот коњ –
работата ти оди многу слабо!
Се моташ еден месец во мојата уста,
а уште не ми го извади забот!

– Да, коњу, удирам, тегнам, а забот е ист,
ќе мораш да повикаш багерист!

*Ристо Давчевски*



## Вежба 1

Нацртај цртеж според содржината на оваа песна!

# МАЧОР ЕДЕН



Тој е мачор без работа:
од сабота до сабота,
од недела до недела,
преде, преде, распредува
една иста кадела.

Мачор еден,
многу вреден...
Не оти е само еден,
ни оти е многу вреден!

Тој е мачор без работа:
од сабота до сабота,
од недела до недела,
преде, преде, распредува
една иста кадела.

Мачор еден,
многу вреден...
Не оти е само еден,
ни оти е многу вреден!
Сепак,
сепак,
не е важно каква мрза
в себе криеш –
важно каков глас те бие!

*Бошко Смаќоски*



## РАЗГОВАРАМЕ

– Кои денови се споменуваат во песничката?
– Кому му е наменета песната?
– Каков е мачорот?

## Задача 1

Натпреварувајте се во правилно читање на песничката!

# Тешкото
*(Глигор Смокварски)*



### Тешкото

Не е лесно ни да се свири
(Ни да се танцува Тешкото)
Срцето тешко е да се смири.

Не е лесно ни да се слуша
(Без солза да се пушти)
Оти топло ти е на душа.

Ама лесно е ич нема мака
(Тоа го знае секое дете и старец)
Тешкото од срце да се сака!

***Владимир Мартиновски***

### Објаснување:

Орото „Тешкото“ е едно од најубавите и најтешките македонски ора за играње.

## РАЗГОВАРАМЕ

- Што се вели во песната, дали е лесно да се свири „Тешкото“ ?
- А, дали е лесно да се слуша? Дали е лесно „Тешкото“ да се сака?
- Кое оро или која народна песна е најпозната во твојата народна музика?



# Двата бакнежи



Денеска сум среќен, роденден славам, а срцево во шепот ми вели:
„Со среќа нека ти бидат и двата бакнежи врели на Ели во образите румени и врели!“
А тие сега в пламен ми горат, усниве в занес си шепотат си зборат:
Не мијам лице оваа зима, снеговите нека веат: бакнежите од Ели ќе ме топлат,
ќе ме греат!“



*Горјан Петревски*
*(„Татковата прва љубов“)*

## РАЗГОВАРАМЕ

Зошто е среќен славеникот?
Дали и нешто друго го прави среќен?
Што ќе го топли во зима?

# ПЕЈЗАЖ

Модрее сино небо,
трепери воздух чист
погали сонце пупка,
измами зелен лист.

Запеа птица в гора,
славејче изви глас,
поздрави нежни прати
тенкиот житен клас.

Цвеќенца килим ткаат,
пчелкин ги нишка зуј,
далеку в сини врвој
пролетен поток бруи.

***Васил Куноски***



## Вежба:

Некои од зборовите што ги има во песната се измешале. Нареди ги нивните букви правилно и прочитај ги. Дали знаеш што значат на твојот јазик?

Пример: ритрери е трепери

| | | | |
|---|---|---|---|
| типрат............................ | асгл ................................ | токпо ............................... | лигапо ........................... |
| равпозд......................... | аскл ................................ | раго.................................. | мимаиз .......................... |

# ПРОЛЕТНА ВЕСТ

По мојата дланка
шета буба мара
и сета се клати
како баба стара.

Летала низ градот
па при мене сврати
само да ми јави
оти пролет фати.

*Србо Ивановски*



## ЧИТАМЕ И РАЗГОВАРАМЕ

Што шета по дланката на поетот?
Од каде доаѓа бубамарата?
Што сака да му јави бубамарата на поетот?

# ЛЕТО



Божилакот паун
ни пее на плотот.

Со ѕвонче на вратот
ѕвони ново лето.

Нов појас и потокот
од пејсажи сплете,

го носи низ светот
ко цртеж на дете.

*Михо Атанасовски*

## ЧИТАМЕ И РАЗГОВАРАМЕ

- Што правиш за време на летниот распуст?
- Каде би сакал/а да одиш ова лето?
- Со кого најмногу поминуваш време в лето?
- Кое е твоето омилено место за играње или одмор в лето?
- Дали сакаш повеќе да се занимаваш со спорт, да читаш книги или да играш со другарчиња?
- Како би изгледало едно твое совршено лето?

